Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 107, 15 август 2013 година

август 2013 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-научно звање насловен доцент во наставно-научната област право на Европската унија на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-научно звање насловен доцент во наставно-научната област право на Европската унија на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 14

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област земјоделско инженерство на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 22

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област фитопатологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 30

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Системи на квалитет и стандарди“ (скрипта) од авторот д-р Елизабета Митрева и коавторот м-р Сашка Голомеова од Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 36

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Нега на текстил“ од авторот доцент д-р Киро Мојсов од Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 40

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Практикум по предметот Казнено право применета програма“ од д-р Олга Кошевалиска, асистент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 42

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот Казнено право применета програма“ од д-р Олга Кошевалиска, асистент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 44

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракопис на скрипта со наслов „Молекуларна биологија со генетика“ од доц. д-р Дарко Бошнаковски, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 46

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракопис на практикумот со наслов „Молекуларна биологија со генетика“ од доц. д-р Дарко Бошнаковски, асс. м-р Мишко Милев и асс. м-р Марија Караколевска - Илова, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 49

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Ортодонција 1“ од доц. д-р Стипица Поповски и асс. д-р Ана Радеска, Факултет за медицински науки, стоматологија, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 51

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за практикумот „Ортодонција 1“ од доц. д-р Стипица Поповски и асс. д-р Ана Радеска, Факултет за медицински науки, стоматологија,Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 54

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 56

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРАВО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Со Одлука бр. 1602-81/5, донесена на 87. седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, одржана на 14.5.2013 година, формирана е Рецензентска комисија за избор на двајца наставници во наставно-научно звање насловен доцент за научната област *право на Европската унија* на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во следниот состав:

- доц. д-р Љупчо Сотироски, доцент на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (претседател),
- проф. д-р Јован Ананиев, вонреден професор на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (член),
- доц. д-р Борка Тушевска, доцент на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (член).

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Дневник” и „Лајм“ на 30.4.2013 година и во предвидениот рок се пријавиле кандидатите д-р Розета Карова и д-р Марко Бота. Врз основа на пријавата и доставената документација и нивното разгледување, Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет на Правниот факултет на 8.7.2013 година го поднесе следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс, објавен во дневните весници „Дневник“ и „Лајм“ на 30.4.2013 година, на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за избор на двајца наставници во насловно звање доцент за наставно-научната област *право на Европската унија* се пријавиле кандидатите д-р Розета Карова и д-р Марко Бота.

Кандидатот д-р Марко Бота ги приложи следниве документи:

- пријава;
- диплома за докторат на полето на правните науки (три копии заверени на нотар);
- кратка биографија (во четири примероци);
- потврда за познавање на англиски јазик (заверена на нотар);
- список на објавени научни и стручни трудови;
- примерок од сите наведени трудови;
- примерок од докторска дисертација на тема “*Merger Control Regimes in Emerging Economies. A Case Study on Brazil and Argentina”*.
- примерок од магистерски труд;
- уверение за државјанство;
- копија од Конкурсот.

Врз основа на поднесената пријава и приложените документи, Рецензентската комисија го констатира следново:

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Марко Бота** е роден во Верчели, Италија, на 8 јануари 1981 година. По завршување на средно образование, во периодот од 2000 до 2004 година студирал на Универзитет во Торино, Факултет за политички науки во Торино и со тоа се стекнал со *Diploma di Laurea in Scienze Internazionali e Diplomatiche, на додипломски студии*

*по меѓународни и* дипломатски науки, четиригодишни студии, со оценка: *110/110 con lode e menzione* (*magna cum laude*), од областа на јавно меѓународно и европско право. Дополнително положил три предмети од италијанско административно, приватно и трговско право на Правниот факултет при Универзитетот во Торино.

Во периодот септември 2005 до август 2006 година кандидатот Бота престојува на постдипломски студии на Универзитетот во Лајден, Правен факултет (Холандија) и се стекнал со диплома *магистер по европско бизнис право*, со оценка: 7.4 од 10. Во периодот на студирање кандидатот посетувал осум интензивни предмети фокусирани на слободите на движење во ЕУ и право на конкуренција.

Во периодот од септември 2006 до март 2010 година Бота е запишан на докторски студии на Европскиот универзитетски институт, Правен отсек, во Фиренца (Италија) и се здобил со звање доктор по правни науки, на тема насловена како *"Merger Control Regimes in Emerging Economies. A Case Study on Brazil and Argentina"*.

***Работно искуство***

Во периодот јуни - септември 2003 година Бота работел во Европската комисија, Data Protection Unit на Директоратот за внатрешен пазар во Брисел, на кореспондентни табели за евалуација како новите земји-членки на ЕУ ја имплементираат Директивата за заштита на податоци 95/46/ЕС и пишување на ивештаи за преговорите за трансфер на податоци за европските авиопатници на властите во САД (air-passengers' records - PNR).

Кандидатот Марко Бота во јануари 2005 година работел на извршување на работи и задачи во Италијанската дипломатска мисија при Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) – Виена, со активности во областа на заштита на човекови права во Централна Азија и Кавказ и остварил присуство на бројни состаноци на ОБСЕ и пишувал извештаи до Министерството за надворешни работи на Италија.

Во периодите јануари 2008/декември 2009/март 2010 и јануари 2011 година Бота работел во Caselex s.a.r.l (Луксембург), проект на Европската комисија за финансирање на e-TEN. Caselex основа онлајн база на податоци со кратка содржина на англиски јазик од најважните одлуки од судовите на земјите-членки на ЕУ (право на конкуренција, индустриска сопственост, медија, заштита на потрошувачите и право за јавни набавки). Бота е одговорна личност и координатор за Италија за селектирање и правење кратка содржина на одлуките на италијанските административни и граѓански судови во областа на право на конкуренција.

Од октомври 2010 до април 2011 година Бота работел како асистент за истражувачки активности во Отсекот за медиуми и комуникации при Фирентинската школа за регулација (Florence School of Regulation - FSR). FSR е истражувачки отсек при Европскиот универзитетски институт, кој спроведува истражување за либерализација на мрежните индустрии во ЕУ.

Во исто време, Бота од 2011 година работ во Robert Schuman Centre for Advanced Studies (RSCAS), Фиренца (Италија). RSCAS е истражувачки центар на Европскиот универзитетски институт (EUI). RSCAS спроведува истражување на мултидисциплинарни проекти во различни области релевантни за европската интеграција. "European Networking and Training for National Competition Enforcers" (ENTRANCE) е проект спроведен од страна на RSCAS, а финансиран од Генералниот директорат за конкуренција од Европската комисија.

Од 2012 година до денес Бота работи во Spark Legal Network and Consultancy во Лондон (UK), каде што спроведува истражувачки активности и студии финансирани од Европската комисија. Како самостоен истражувач – правен експерт соработува со Spark во неколку студии, анализирајќи како различни аспекти од европското право се имплементирани во италијанското национално законодавство.

Кандидатот Бота е Академски асистент (парт-тајм) и учествува во ENTRANCE програмата за тренинг во областа на Европското право на конкуренција за судии од земјите-членки на ЕУ. Во моментот кандидатот Бота работи на Институтот за истражување за европска интеграција при Универзитетот во Виена.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Своите професионални ангажмани и научноистражувачкиот интерес кандидатот Бота ги покажува во сферата во областа на европско право на конкуренција, правото поврзано со европската интеграција во различни области и политики на ЕУ.

Кандидатот Бота е актуелен доцент на Институтот за истражување за евроинтеграција при Универзитетот во Виена, со фокусирани активности во поглед на динамиката на европската интеграција и предава предмети на факултетите за правни и политички науки при Универзитетот во Виена на додипломски и постдипломски студии.

***Тренинг/Обука***

Кандидатот Бота има остварено пристиство на бројни тренинзи во Европскиот конзорциум за политичко истражување (ECPR) и Универзитетот во Виена, Universidad San Andres, Буенос Аирес (Аргентина), во својство на визитинг академски истражувач.

Во Лајден има добиено Сетификат за учество на Honor Classes Program “*EU and its Neighbors*”.

Во Тренинг центарот за меѓународната организација на трудот (ILO) во Торино (Италија) работи на постдипломски труд од меѓународно трговско право, Интерактивна програма за главните видови на меѓународни договори.

На Мичиген државен универзитет & Universite Libre de Bruxelles како институција домаќин добива Сертификат за учество на Летна школа “External Relations of the EU”, а во Универзитет во Турку (Финска) учествува на Erasmus програма за размена на студенти.

Бота зборува италијански како мајчин јазик, англиски, шпански и француски јазик.

Бота поседува компјутерски вештини (оперативен систем Windows и главните софтвери вклучени во Office пакетот, Moodle, софтвер за креирање на тренинг платформи).

***Портфолио на предавања и испити***

Кандидатот Бота работи како предавач на неколку предмети во неколку институции. Европско право за државна помош, Меѓународни аспекти на спроведување и извршување на право на конкуренција. Практични вежби по Европско право на Универзитет во Виена, Правен факултет, Меѓународни институции и меѓународна политичка економија - Методологија на академско пишување во Виена, Факултет за политички науки и Европско право на Универзитет во Утрехт, Правен факултет.

***Список на објавени научни и стручни трудови - монографија***

– BOTTA M., *Merger Control Regimes in Emerging Economies. A Case Study on Brazil and Argentina*. Published in the International Competition Law Series published by Kluwer Law International, The Hague (the Netherlands), January 2011.

Книгата го анализира бразилското и аргентинското законодавство во областа на заштита на конкуренција, како и главните одлуки што се однесуваат на концентрации донесени од органите надлежни за заштита на конкуренција и пресудите од страна на судовите на овие земји. Покрај тоа, авторот се базира на теренски интервјуа со адвокати и службеници од органи надлежни за заштита на конкуренција спроведена во периодот меѓу април и јули 2008 година во Буенос Аирес, Бразилија и Сао Паоло. Книгата е објавена докторска дисертација одбранета во март 2010 год. на Европскиот универзитетски институт.

***Поглавја во книги***

– BOTTA M., SVETLICINII A., `The standard of judicial review in EU competition law enforcement and its compatibility with the right to a fair trial under the EU Charter of Fundamental Rights.` In KERIKMAE T. (ed.), *Protecting Human Rights in EU: Contraversies and Challenges of the Charter of Fundamental Rights*.
Forthcoming in Springer by the end of 2013.

Овој труд ја анализира улогата на принципот на фер судење/правото на одбрана согласно со член 6 од Европската конвенција за човекови права во спроведувањето на европското законодавство за конкуренција. Овој труд е дел од книга за улогата на човековите права во различни политички области на ЕУ; книгата се очекува да бидат објавени од страна Спрингер до крајот на 2013 година.

• BOTTA M., "EU and Global Competition Networks". In FALKNER G., MULLER P. (eds.) *EU Policies in a Global Perspective: Shaping or taking international regimes?* Forthcoming in Routledge by the end of 2013.

Овој труд ја анализира улогата на ЕУ во дизајнирањето стандарди во обласста на заштита на конкуренција елаборирани од страна на меѓународни организации, како што се Светската трговска организација, Организација за економска соработка и развој, УНКТАД и на Меѓународната мрежа за конкуренција. Овој труд е дел од книга која ја анализира улогата на ЕУ во различни области. Книгата се очекува да биде објавени од страна Routledge до крајот на 2013 година.

• BOTTA M., "The Impact of Multi-Jurisdictional Concentrations on the New Competition Law Jurisdictions, Case Study on Brazil". In WHISH R., TOWLEY C. (eds.), "New Competition Jurisdictions: Shaping Policies and Building Institutions" (Edward Elgar Publisher, 2012). Pages 260-287.

Ова истражување следи алтернативен пристап во споредба со постоечката литература. Имено, наместо да ги анализира трошоците со кои се соочуваат корпорациите во мултиправни концентрации, овој труд ја разгледува хипотезата дека комисиите за заштита на конкуренција во економиите во развој не се во состојба ефективно да ги спроведат своите системи на контролата на концентрации заради голем број ограничувања. Ограничувања, како што се: недостатокот на територијалната надлежност, доцна нотификација на концентрациите и недостатокот на соработка со другите органи за заштита на конкуренција се анализирани во овој труд. Тие прашања се анализирани преку студија за Бразил. Но, заклучоците постигнати во однос на оваа земја ќе бидат генерализирани за нивна примена на други нови закони за конкуренција во останатите земји во развој. Заклучоците од ова истражување се лекции кои другите земји може да ги земат предвид при структурирање на нивните системи на контролата на концентрациите или кога тие се во раните фази на нивно спроведување.

***Трудови во рецензирани академски списанија***

– BOTTA M., *Case C-199/11, European Commission v. Otis NV and others, Judgment of the Court of Justice (Grand Chamber) of 6 November 2012*. Forthcoming in Common Market Law Review

Овој труд ја анализира пресудата на Европскиот суд на правдата во случајот Отис (C-199/11). Во овој случај, Европскиот суд на правдата за првпат призна можност на Европската комисија да дејствува како тужител во акции за надомест на штета во националните судови во однос на штетите што произлегуваат од прекршување на европските правила за конкуренција. Овој труд го анализира значењето на пресудата на Европскиот суд на правдата и нејзините импликации во иднина.

– BOTTA M., *Competition Policy in Regional Trade Agreements? What is Missing? A Comparative Analysis of Caricom, Andean Community and Mercosur.* Forthcoming in Revista do Instituto Brasileiro De Estudos De Concorrencia (IBRAC)

Последните две децении сведочат за брзото ширење на одредбите од Законот за заштита на конкуренција во неколку регионални трговски договори (RTAs). И покрај академски консензус за придобивките од регионалната политика на конкуренција за RTAs, вклучувајќи ги и оние донесени од економиите во развој/земјите во развој, досега нема систем за регионална политика на конкуренција, освен онаа на ЕУ/ЕЕА. Преку компаративна анализа на регионалната политика на конкуренција воведена во Меркосур, Заедницата на Андите и CARICOM, овој труд има за цел откривање на причините за нивниот неуспех. Тој неуспех особено се должи на различни нивоа на развој на националните закони за конкуренција, па регионалните системи на соработка се несоодветни. Од друга страна,

регионалните органи надлежни за конкуренција може да бидат успешни само кога нивните одлуки имаат директно влијание врз националните правни системи, кога постои широка интерпретација на интра- регионалната трговија состојба и кога антиконкурентните активности во земјите-членки се следат.

– BOTTA M., HARSDORF N., *Opinion of AG Kokott in the case Schenker: "ignorance" as a new defense in competition law proceedings?* Forthcoming in *Österreichische Zeitschrift für Kartell- und Wettbewerbsrecht*

Овој труд го анализира мислењето на генералниот адвокат (АГ) Kokott од 28 февруари 2013 година во случајот Schenker (C-681/11). Случајот потекнува од барањето за прелиминарна пресуда, поднесено во 2011 година од страна на австрискиот Висок суд за Картели кон Европскиот суд на правдата. АГ елаборира „тест» за да утврди дали компаниите треба да бидат санкционирани поради кршење на европските правилата за заштита на конкуренција предизвикани од погрешни правен совет или од претходна позитивна одлука на националната комисија за заштита на конкуренција. Овој труд ги анализира импликациите на овој „тест» во иднина при спроведување на европските правила за конкуренција.

– BOTTA M., *Case C-17/10, Toshiba and Others v. Úřad pro ochranu hospodářské soutěže: "Testing" the Decentralization of Competition Law Enforcement*. Vol 38, Issue 1, European Law Review 107-117 (2013)

Овој труд го проучува влијанието на пресудата на Судот на правдата во Toshiba случајот на мултиетапниот систем на конкуренција воведен од страна на Регулативата на ЕУ 1/2003. Овој труд потврдува дека одлуката на судот може да доведе до понатамошна децентрализација на системот за заштита на конкуренција во Европа. Особено, со стеснување на опсегот на примена на член 11(6) од Регулатива 1/2003, а со наметнување на строг товар на докажување при примена на ne bis in idem принципот, толкувањето на Судот влијае на уништување на два столба кои досега ја штитеа стабилноста на мултиетапната политика за спроведување на системот на конкуренција во Европската унија.

– BOTTA M., *State Aid Control in South-East Europe, the Endless Transition*. Vol. 11, Issue 1, European State Aid Law Quarterly, 85-96 (2013).

Од Договорот од Рим, правилата за државна помош се спроведуваат на супра-национално ниво во ЕУ. Сепак, во рамките на минатото проширувањето на ЕУ кон земјите од Централна и Источна Европа, Европската комисија се обиде да го децентрализира спроведувањето на правилата за државна помош со барање во тие земји да се воспостави национален систем за мониторинг на државна помош. На сличен начин, во текот на последните неколку години Европската комисија ги охрабри и земјите од Југоисточна Европа (ЈИЕ) да воведат внатрешен систем на контрола на државната помош. Преку компаративна анализа овој труд ја анализира ефективноста на националниот систем за државна помош. Особено, овој труд потврдува дека недостатокот на јасен тајминг за пристапување во ЕУ во моментов, влијае на земјите од ЈИЕ и го намалува степенот на спроведување на правилата за државна помош. Овој труд заклучува дека контрола на државната помош треба да се врши исклучиво од страна на супранационална институција, дури и за време на претпристапните фази.

– SVETLICINII A., BOTTA M., *Article 102 TFEU as a Tool of Market Regulation*. Vol. 8, Issue 3, European Competition Journal 473-496 (2012)

Преку споредбена анализа, овој труд има за цел да ја потврди хипотезата дека комисиите за заштита на конкуренција во новите земји-членки на ЕУ и земјите-кандидати, за разлика од Европската комисија, санкционираат високи цени како злоупотреба на доминантна положба, спроведувајќи ги национални одредби кои кореспондираат со член 102 од Договорот за функционирање на Европската унија. Особено, овој труд има за цел да демонстрира дека ова е заеднички тренд кој ги карактеризира избраните јурисдикции независно од нивниот статус кон ЕУ (т.е. земјите-членки, кандидати, соседи). Овој труд го

анализира степенот на спроведување на такви одлуки од страна на комисиите за заштита на конкуренција и националните судови во избраните земји во последните десет години. Новите земји-членки на ЕУ (Бугарија и Романија), земјите-кандидати (Хрватска, Македонија, Црна Гора и Србија), потенцијалните кандидати (Албанија, Босна и Херцеговина) и земјите вклучени во Европската соседска политика (Молдавија и Украина) се анализирани во овој труд.

– BOTTA M., *Decentralization of State Aid Enforcement in the Context of the EU Enlargement",* Vol. 8 Mediterranean Competition Bulletin 100-114 (2012)

Овој труд потврдува дека воведувањето на внатрешниот систем за контрола на државна помош се покажа неефикасен. Особено, хипотезата во овој труд е дека системот на државна помош може да бидат ефикасно спроведен во земјите-кандидати за ЕУ само доколку тие земји имаат јасна временска рамка за влез во ЕУ, зашто јасната перспектива за пристапување кон ЕУ претставува главен поттик кој ги охрабрува владите на земјите-кандидати на само ограничување на нивните буџетски расходи. Од оваа гледна точка, бескрајната транзиција кон членство во ЕУ, со која повеќето од земјите од ЈИЕ во моментов се соочуваат, го поткопува поттикот да се воведе ефикасен систем на контрола на државната помош. Овој труд претставува институционална анализа на предизвиците со кои се соочуваат новоосновaните системи за мониторинг на државна помош во земјите од Централна и Источна и земјите од Југоисточна Европа за време на претпристапната фаза.

– BOTTA M., *AG Kokott´s Opinion in the Case Toshiba: Towards an "Extreme Decentralization" of the EU Competition Law Enforcement?* Issue 6, *Österreichische Zeitschrift für Kartell- und Wettbewerbsrecht* (Austrian Journal of Antitrust and Competition Law), 203-208 (2011)

Овој труд е анализа на Мислењето објавено на 8.9.2011 год. од страна на генералниот адвокат (АГ) Kokott во случајот Toshiba (C-17/10), при референца за прелиминарна одлука која во моментов е во постапка пред Европскиот суд на правдата во Луксембург. Овој случај има потенцијал да стане многу важна пресуда, која би можела да го редефинира мултиетапниот систем на конкуренција дизајниран со Регулативата на ЕУ 1/2003, преку понатамошно децентрализирање на спроведувањето на европското право на конкуренција на национално ниво. Поради релевантноста на случај, овој труд го анализира Мислењето на АГ, со цел да се оцени кои би можеле да бидат последиците од пресудата на Европскиот суд на правдата токму на мултиетапно спроведување на европскиот систем за заштита на конкуренција.

– BOTTA M., *Merger Remedies Imposed by the Competition Authorities of the Emerging Economies*. Vol. 34, Issue 2, World Competition, 321-338 (2011)

Овој труд ги анализира предизвиците со кои се соочуваат националните комисии за заштита на конкуренција во економиите во развој при спроведување на структурни правни средства во оцена на пријавена концентрација која има антиконкурентски ефект. Спротивно на она што обично се тврди во литературата, овој труд потврдува дека овие институции обично не го спроведуваат нивниот систем за контрола на концентрациите во целост бидејќи не наметнуваат често такви структурни правни средства. Овој труд се потпира на студија на случај за Бразил и Аргентина како примери на економиите во развој, кои го спроведуваат системот на контролата на спојувањата повеќе од една деценија, но елаборира заклучоци кои важат за другите економии во развој. Особено, овој труд тврди дека институциите на економиите во развој може да го спроведуваат поефикасно нивниот систем на контролата на концентрациите, ако се воведе ex ante систем на известување, заедно со јасна временска рамка на мониторинг на концентрациите која институцијата треба да ја почитува.

Marco Botta, CV – I agree with the processing of my personal data under the provisions of the Italian Law 196/2003. 10

– BOTTA M., *The Definition of the Relevant Market and the Degree of Market Concentration in the Emerging Economies. Case Study on Brazil and Argentina*. Vol. 33, Issue 4, World Competition 661-680 (2010)

Овој труд ги анализира предизвиците со кои се соочуваат комисиите за заштита на конкуренција од економиите во развој во примената на економетриски тестови кои обично се користат при анализа на концентрации. Релевантниот пазар и степенот на концентрацијата на пазарот обично се дефинирани врз основа на два економетриски теста. Следејќи го примерот на САД и ЕУ комисиите за заштита на конкуренција од економиите во развој често ги усвојуваат тие два економетриски теста во нивната контрола без да ги земат предвид предизвиците со кои тие ќе мора да се соочат при нивната примена. Ова е студија за Бразил и Аргентина и има за цел дефинирање на таквите предизвици. Овој труд потврдува дека поширока маргина на дискреција им е потребна на тие нови институции во примена на економетриски тестови и дека би било корисно да се воведат алтернативни параметри во примената на овие тестови.

– KAROVA R., BOTTA M., *Five Years of Enforcement of the Competition Law in the Republic of Macedonia, Time for an Assessment*.. Vol. 2, Mediterranean Competition Bulletin 56-72 (2010)

Целта на овој труд е да даде придонес во дискусијата за влијанието на ЕУ кон развојот на модел на закон за конкуренција во земјите од ЈИЕ. Посебно овој труд го анализира процесот на воведување на Законот за конкуренција во Република Македонија. Целта на трудот е да оди подалеку од законодавната анализа и оценка на компатибилноста на македонското законодавство за конкуренција со законодавството на ЕУ. Овој труд има за цел оценување на имплементацијата на овој закон во текот на првите пет години од неговото постоење.

Анализата на предизвиците со кои се соочува Комисијата за заштита на конкуренција во спроведувањето на овој Закон обезбедува лекции за други институции од регионот надлежни за заштита на конкуренција, кои се соочуваат со слични проблеми во спроведувањето европското законодавство за конкуренција на национално ниво.

– BOTTA M., *El Poder Judicial y la Ley 25.156: Conflictos de Jurisdicción y Falta de Comprensión a una Década de la Aprobación de la Ley*. Vol. 27, Boletin Latinoamericano de Competencia, 12-26 (2010)

Целта на овој труд е да се разгледа улогата на судството во Аргентина во примената на Законот за заштита на конкуренција, една деценија по неговото усвојување. Во време на периодот на имплементација улогата на судството во примена на Законот за конкуренција беше маргинална поради нискиот број на одлуки усвоени од страна на Комисијата за заштита на конкуренција, а со тоа и нискиот број на одлуки на федералните судови против овие административни одлуки. Исто така, поради неформирањето на Националниот трибунал за конкуренција, судството остана единствен форум каде што се тестира легитимитетот на спроведување на Законот за конкуренција од 1999 год.

– BOTTA M., VIOLA DE AZEVEDO CUNHA M., *La Protezione dei Dati Personali nelle Relazioni tra UE e USA, Le Negoziazioni sul Trasferimento del PNR*. Vol. 2, Rivista dell'Informazione e dell'Informatica 315-341 (2010).

Дебатата за заштита на личните податоци и јавна безбедност има многу аспекти. Оваа анализа ги зема предвид преговорите за трансфер на патнички податоци (PNR) во последниве години од страна на Европската комисија на федералните власти во САД. Овие преговори, кои по повеќе од пет години завршија во 2007 година, се одличен пример за судир помеѓу потребата да се заштити јавната безбедност и да се обезбеди доверливост на личните податоци на граѓаните. Целта на овој труд е да изврши анализа на различните фази кои ги карактеризираа овие преговори, со цел да се разјасни кои интереси - заштита на личните податоци или национални безбедносни причини – влијаеле повеќе на текот на преговорите.

– BOTTA M., *Fostering Competition Culture in the Emerging Economies, the Brazilian Experience*. Vol. 32, Issue 4, World Competition, 609-625 (2009)

Недостатокот на култура за конкуренција е еден од клучните фактори кои го поткопуваат спроведувањето на Законот за конкуренција во економиите во развој. Тој недостаток може да се „излечи» преку активности за „competition advocacy“ виз-а-ви различни засегнати страни: агенции на државата, регулатори, бизнис заедница и здруженија на потрошувачи. Овој труд го анализира оваа прашање преку студија на бразилското искуство. Во текот на последните години Бразил разумно напредуваше во спроведувањето на Законот за конкуренција, а една од причините за ваквиот развој беше активноста на бразилската Комисија за заштита на конкуренција. Додека целосно независен орган го спроведува Законот за конкуренција, советодавно тело во состав на Министерството за економија ги следи антиконкурентните прописи донесени од страна на други државни агенции. Заклучоците од овој труд се применливи за другите економии во развој кои неодамна почнаа да го спроведуваат Законот за конкуренција.

– BOTTA M., *The Judiciary and the Enforcement of Competition Law in the Emerging Economies. Case Study on Brazil*. Vol. 16, Issue 2, Revista do Instituto Brasileiro De Estudos De Concorrencia (IBRAC) 5-29 (2009).

Последните дваесет години се забележува зголемување на бројот на закони за конкуренција во економиите во транзиција. Овој труд ги истражува прашањата кои се однесуваат за инволвираноста на судството во спроведувањето на Законот за конкуренција во земјите во развој, земајќи го Бразил како пример. Во текот на последните години, бразилскиот орган за конкуренција (Cade) е активен во спроведување на политика против картели и други форми на антиконкурентски активности. Како резултат на тоа, голем број на жалби против одлуките на Cade беа започнати во бразилските федерални судови. Бавноста на бразилскиот судски систем и недостаток на разбирање на Законот за конкуренција од страна на бразилските судови го попречува спроведувањето на политиката на Cade. Голем број на иницијативи се започнати со цел да се решат овие прашања. Овој труд критички ги анализира овие иницијативи, а во заклучоците предлага бројни лекции за другите економии во развој.

– BOTTA M., *The Cooperation between the Competition Authorities of the Developing Countries: Why it does not Work? Case Study on Argentina and Brazil*, Vol. 5, Issue 2, The Competition Law Review 153-178 (2009).

Овој труд го анализира недостатокот на соработка меѓу комисиите за заштита на конкуренција од различни економии во развој, земајќи ги како пример Бразил и Аргентина. Овој труд потврдува дека ограничената соработка се должи на недостатокот на лични контакти и различно ниво на развој постигнат од страна на две институции. Во заклучоците овој труд идентификува голем број препораки упатени кон комисиите за заштита на конкуренција во земјите во развој во цел да се зајакне нивната билатерална соработка.

– BOTTA M., *Multi-Jurisdiction M&As in an Era of Globalization, the Case Telecom Italia-Telefónica*. Vol. 1, Global Antitrust Review, 97-116 (2008)

Овој труд е анализа на случајот во врска со ефектите од влезот на Телефоника меѓу акционерите на Телеком Италија на бразилскиот и аргентинскиот пазар за телекомуникации. Преку анализа, овој труд покажува дека органите надлежни за заштита на конкуренција во економиите во развој имаат ограничен опсег на правни средства кои би можеле да ги употребат кога разгледуваат мултиправни концентрациски трансакции и дека поголема меѓународна соработка е потребна во оваа област.

***Работни академски трудови***

– BOTTA M., *Does the EU Competition Model Satisfy the Needs of the Emerging Economies? Lessons from Countries without a ´Carrot´*. In PODSTAWA K., PUCCIO L. (eds.), ´Framework for Economic Development in EU External Relations´. Collective working

paper published by the Law Department of the European University Institute (2012). Page 51-74

Овој труд ги анализира институционалните аспекти на трансплантацијата на европскиот модел за заштита на конкуренција во економиите во развој што се случува во текот на последните две децении во рамките на проширувањето на ЕУ и Европската соседска политика. Овие земји го имаат имплементирано европскиот модел за заштита на конкуренција, иако тој е дизајниран да ги задоволи потребите на развиените економии кои се карактеризираат со функционални пазари. Овој труд се потпира на искуството на две економии во развој - Бразил и Аргентина - кои немаат никаков поттик за усвојување на европскиот модел, како што е членството во ЕУ. Оваа анализа покажа дека институционалниот модел во Бразил, каде независна институција го спроведува Законот за конкуренција, заедно со две тела поврзани со извршната власт, се покажа поуспешен од аргентинскиот модел. Вториот, кој го копира европскиот институционален модел, предвидува основање на независна Комисија за заштита на конкуренција. Меѓутоа таа институција никогаш не е основана во Аргентина. Лекциите од овие искуства треба да се земат предвид во други земји во развој кои размислуваат за преземање на европскиот модел.

***Листа на трудови презентирани на работилници и конференции***

- 23-25 May 2013: University of Salento, Lecce (Italy). Presentation at the annual conference of the Academic Society for Competition Law (ASCOLA) on “Competition Law as Regulation”.
- 9-11 May 2013: University of Baltimore (USA). Presentation at the 2013 Biennial Conference of the European Union Studies Association.
- 19 April 2013: Bundewettbewerbsbehorde (BWB, Austrian Competition Authority), Vienna (Austria). Presentation at the conference on “Prevention and Antitrust Compliance”
- 20-23 March 2013: University of Mersin (Turkey). Presentation at the 14th Mediterranean Research Meeting organized by the Robert Schuman Centre for Advanced Studies. Presentation in the workshop on “Regulatory Implants and Local Legal Regimes in the Mediterranean Region”.
- 3-5 September 2012: University of Passau (Germany). Presentation at the annual conference of the University Association of Contemporary European Studies (UACES).
- 8 July 2012: UNCTAD, Geneva (Switzerland). Presentation at the 3rd meeting of the UNCTAD Research Partnership Platform on competition policy.
- 25-27 June 2012: University of Exeter (UK). Presentation at the bi-annual conference of the European Consortium of Political Science Research (ECPR) on “New Perspectives on Regulation, Governance and Learning”.
- 21-24 March 2012: “13th Mediterranean Research Meeting” (MRM) organized by Robert Schuman Centre for Advanced Studies, Montecatini Terme (Italy). Co-director of the workshop on “The EU Competition Law Model and the Mediterranean Countries: Lessons from South-East Europe and the EuropeMed Countries”.
- 1-2 December 2011: Bundewettbewerbsbehorde (BWB, Austrian Competition Authority), Vienna (Austria). Presentation at the round table on “Competition Law Enforcement in the Mediterranean Countries: Challenges and Future Perspectives”.
- 21-22 October 2011: University of Saint Gallen (Switzerland). Presentation at the 9th Euro-Latin Study Network on Integration and Trade (ELSNIT) on “Revising Regionalism”.
- 01-02 July 2011: King´s College, London (United Kingdom). Presentation at the annual conference of the Academic Society for Competition Law (ASCOLA) on “New Competition Jurisdictions: Shaping Policies and Building Institutions”.
- 20 May 2011: Amsterdam University (the Netherlands). Presentation at the annual conference of the Amsterdam Centre for Law and Economics (ACLE) on “Competition Policy for Emerging Economies: When and How?”
- 09-10 May 2011: European University Institute, Law Department, Florence (Italy). Presentation at the “Competition Law and Economics European Network” (CLEEN) annual workshop.

- 15-16 April 2010: King's College, London (United Kingdom). Presentation at "Fourth International Graduate Marco Botta, CV – I agree with the processing of my personal data under the provisions of the Italian Law 196/2003. 12 Legal Research Conference" (IGLRC), panel on "Competition Law".
- 22-23 January 2010: European University Institute, Law Department, Florence (Italy). Presentation at the workshop on the "Framework for Economic Development in the EU External Relations".
- 14-15 May 2009: University of Tilburg Law and Economics Centre (the Netherlands). Presentation at the "Competition Law and Economics European Network" (CLEEN) annual workshop.
- 12 December 2008: International University College of Turin (Italy). Presentation at the "Comparative Law, Economics And Finance Annual Conference".
- 4 September 2008: City University Of London (United Kingdom). Presentation at the "12th Competition Law Scholars Forum" (CLASF).
- 12 June 2008: Law Department of the Presibeterian University Mackenzie, Sao Paulo (Brazil). Colloquium.
- 07 March 2008: Interdisciplinary Centre for Competition Law and Policy of the Queen Mary University, London (United Kingdom). Presentation at the "Annual Doctoral Workshop in Competition Law".

***Членство во академски асоцијации и мрежи***

- Member of the Association of Competition Law Scholars (ASCOLA) since 2013.
- Fellow of the European Law Institute (ELI) since 2013.
- Member of Research Partnership Platform of the United Nations Conference on Trade and Development (UNCTAD) since 2011.
- Non-governmental advisor of the Bundewettbewerbsbehorde (BWB, Austrian Competition Authority) at the International Competition Network (ICN) since 2012.
- Member of the Alumni association of the European University Institute (EUI) since 2011.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на гореизнесеното и добиениот впечаток од разгледувањето на поднесената документација, Комисијата смета дека д-р Марко Бота е млад научен работник кој се развива во солиден и перспективен научен работник и има потенцијал да даде придонес во развојот на Правниот факултет. Кандидатот ги задоволува сите стручни и наставно-научни услови, поставени врз основа на позитивните законски прописи, за избор во насловното звање доцент за наставно-научната област право на Европската унија на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип да го избере д-р Марко Бота во насловно звање доцент за наставно-научната област право на Европската унија на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев» во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Љупчо Сотироски, доцент, с.р.**
**Д-р Јован Ананиев, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Борка Тушевска, доцент, с.р.**

# П Р И Л О Г

## Табела за вреднување на активностите на д-р Марко Бота, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Б) НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА (НИ) ДЕЈНОСТ**: | | | |
| **Монографија** - BOTTA M., *Merger Control Regimes in Emerging Economies. A Case Study on Brazil and Argentina*. Published in the International Competition Law Series published by Kluwer Law International, The Hague (the Netherlands), January 2011. | 1 | 10 | 10 |
| **Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник од трудови на научен собир**: | 16 | 2 | 32 |
| **Пленарно предавање на научен собир:** | 2 | 6 | 12 |
| **Секциско предавање на научен собир:** | | | |
| Одбранета докторска теза | 1 | 8 | 8 |
| Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | 4 |
| **Раководител на научен проект** | 2 | 4 | 8 |
| **Учесник на научен проект** | 1 | 2 | 2 |
| **Студиски престој во странство** | 4 | 8 | 32 |
| в) **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА (САОР) ДЕЈНОСТ** | | | |
| **Книга:** BOTTA M., SVETLICINII A., \`The standard of judicial review in EU competition law enforcement and its compatibility with the right to a fair trial under the EU Charter of Fundamental Rights.\` In KERIKMAE T. (ed.), *Protecting Human Rights in EU: Contraversies and Challenges of the Charter of Fundamental Rights*. | 1 | 10 | 10 |
| **Поглавје од книга**: | 3 | 4 | 12 |
| **Труд во стручно списание**: | 17 | 2 | 34 |
| **Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир**: | 2 | 3 | 6 |
| **Учесник во научен проект** | 1 | 5 | 5 |
| **Техничко унапредување:** Moodle Softwer | 1 | 2 | 2 |
| **ВКУПНО** | | | 197 |